**вести-информации**

# ТРИБИНА ПО ПОВОД СВЕТСКИОТ ДЕН НА ЛИЦАТА СО DOWN СИНДРОМ

*Ана ПЕТКОВСКА*

Студент на постдипломски студии
Институт за дефектологија,
Филозофски факултет, Скопје

Примено: 02.06.2013
Прифатено: 07.06.2013
UDK: 616-056.7:575.224.232.3 (437.7) (062)

Македонското научно здружение за аутизам (МНЗА), Здружението за помош на лицата со Down синдром „Трисомија 21“ од Скопје и Здружението за помош на лицата со Down синдром „Трисомија 21“ од Загреб организираа трибина по повод светскиот ден на лицата со Down синдром во големиот амфитеатар на Филозофски факултет на 21. 03. 2013 година со почеток во 10 часот. Трибината беше на тема *Дали лицата со Down синдром се маргинализирани или вклучени во македонското општество*?

Трибината се организираше со цел да се едуцираат и да се пренесат отворени ставови во насока на сензибилизирање на јавноста и надлежните министерства. Покрај стручно-научниот карактер, трибината имаше и културно-забавен карактер на кој со свои дела настапија лицата со Down синдром и естрадни уметници од нашата држава. Трибината беше пренесувана во живо на интернет со поддршка од компанијата T-Home.

Во улога на водител на настанот беше Росица Колева која на почетокот ги поздрави присутните и им се заблагодари на организаторите, присутните и на сите учесници на трибината за нивната несебична поддршка која ја даваат за лицата со Down синдром. Дека локалната самоуправа се грижи за лицата со Down синдром се докажа преку присуството на градоначалникот на Општина Центар, г. Владимир Тодоровиќ.

Адреса за кореспонденција:
*Ана ПЕТКОВСКА*
Ул. „Васил Ѓоргов“ бр. 33А/36, 1000 Скопје
Република Македонија
Е-пошта: ana.petkovska@defektologija.org

**news and information**

# TRIBUNE ON THE INTERNATIONAL DAY OF PEOPLE WITH DOWN SYNDROME

*Ana PETKOVSKA*

Master degree student
Institute of Special Education and Rehabilitation
Faculty of Philosophy, Skopje

Recived: 02.06.2013
Accepted: 07.06.2013

The Macedonian Scientific Society for Autism (MSSA), Trisomy 21 from Skopje and Trisomy 21 from Zagreb, organized a Tribune on the occasion of the World Day of People with Down syndrome in the great amphitheater of the Faculty of Philosophy on 03/21/2013, starting at 10 am. The topic of the debate was *Do people with Down syndrome are marginalized or included in the Macedonian society?*

The tribune was organized in order to educate and bring up open positions in order to sensibilize the public and the relevant Ministries. Besides the specialized scientific nature, the tribune had entertaining and cultural character too, where people with Down syndrome performed their works. The debate was broadcasted live on the Internet by T-Home Macedonia.

The host of the event was Rosica Koleva, who initially welcomed the present and thanked to the organizers, the present and to all the participants in the debate for their generous support they give to people with Down syndrome. The presence of the Mayor of municipality Center Mr. Vladimir Todorovikj demonstrated that local government takes care for people with Down syndrome.

Corresponding Address:
*Ana PETKOVSKA*
str. Vasil Gjorgov no.33A/36, 1000 Skopje
Repubilc of Macedonia
E-mail: ana.petkovska@defektologija.org

Присутните имаа исклучителна можност да слушнат дел од поезијата на Александар Матовски-Цако кој е студент на Педагошкиот факултет „Свети Климент Охридски”, а воедно и личност со Down синдром. По настапот на Цако следеше излагањето на г-ѓа Хелена Меловник-Зрињски, извршен директор на „Трисомија 21“ од Загреб, Хрватска, на тема *Сонот на еден ангел.*

Г-ѓа Корaљка Жепец - дипломиран рехабилитатор и г-ѓа Хрвојка Вуковиќ - дипломиран рехабилитатор и асистент во Brain Gym, настапија со темата *Brain Gym кај лицата со Down синдром*, додека со своето излагање на тема *Коморбидитет на Down синдромот* нè запозна проф. д-р Елизабета Зисовска – педијатар - неонатолог од Скопје. Проф. д-р Дончо Донев зборуваше на тема *Јавно-здравствените аспекти на Down синдромот во Република Македонија.*

По паузата следеше вториот блок-настапи кој започна со настапот на Кристијан Стојанов-Кико, осмоодделенец во Основното училиште „Димо Хаџи Димов“ и еден од првите корисници на услугите на „Отворете ги прозорците“ - Центар за асистивна технологија. Кико ги презентираше своите вештини во изработка на power point-презентација. По настапот на Кико следеше предавањето на проф. д-р Владимир Трајковски - претседател на Македонското научно здружение за аутизам (МНЗА), а воедно и еден од организаторите на трибината. Професорот Трајковски зборуваше на тема *Поврзаност на биохемиските нарушувања кај Down синдром и аутизмот*. Целата манифестација беше збогатена со настапот на нашата поп-пејачка Елена Петреска. За развивање на условите за инклузија на лицата со посебни потреби во редовните училишта зборуваше Росица Колева, специјален едукатор и логопед, а воедно и сестра на лице со Down синдром. По излагањето на Росица следеше презентација на слики од Никола Колев -лице со Down синдром. Трибината беше збогатена со излагањето на г. Стојан Андонов преку неговата тема *Окупациона терапија кај лицата со Down синдром*, додека пак, г. Живко Јаневски, претседател на невладината организација „Slowfood Св. Наум Охридски” настапи со темата *Здрави навики преку здрава храна.*

По исцрпните презентации следеа минути за дискусија.

The attendees had an extraordinary opportunity to hear the poetry of Alexander Matovski-CAKO, a student of the Pedagogical Faculty “St. Kliment Ohridski”, a person with Down syndrome. CAKO’s performance, Mrs. Helena Melovnik Zrinjski-CEO of “Trisomy 21” from Zagreb, Croatia had a presentation on the topic *The dream of an angel.*

Mrs. Koraljka Zhepec-graduate Rehabilitation therapist and Ms. Vukovic Hrvojka rehabilitaor-graduate assistant at Brain Gym spoke about *The Brain Gym in individuals with Down syndrome*, while *Comorbidity of Down syndrome* was presented by Prof..Dr. Elizabeth Zisovska, pediatrician-neonatologist from Skopje. Professor. Dr. Doncho Donev spoke on the topic *Public health aspects of Down syndrome in the Republic of Macedonia*.

After the break there was a second block of performances that began with Christian Stojanov-Kiko, eight grade student in the elementary school “Dimo Hadzi Dimov” and one of the first users of the Open the Windows-Center for assistive technology. Kiko presented his own skills in making a Power Point presentation. After Kiko’s performance there was a presentation of Prof. Dr. Vladimir Trajkovski, President of the Macedonian Scientific Society for Autism (MSSA) and also one of the organizers of the debate. Professor Trajkovski spoke on the topic *Connection between biochemical disturbances in Down syndrome and autism*. The whole event was enriched with the performance of our pop singer Elena Petreska. Rosica Koleva, special educator and speech therapist, also a sister of a person with Down Syndrome spoke about the development of conditions for inclusion of persons with disabilities in regular schools. After Rosica’s presentation there was a presentations of photos of Nikola Kolev, person with Down syndrome. Mr. Stojan Andonov introduced us with *Occupational therapy for people with Down syndrome,* while Mr. Zivko Janevski, president of the NGO “Slowfood St. Naum Ohridski” spoke on the topic *Healthy habits through healthy food*.

After an extensive presentations, there was a discussion.